Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 27-та седница одржана на 19.07.2022 година, во врска со Предлогот Уп1 бр.08-213 од 15.07.2022 година за покренување постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година, врз основа на член 82 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ, односно поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности кои претставуваат законска пречка за емитување на радио програма.

2. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

Подготвила: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирала: Маја Дамевска

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Бр. 02-2808/4**

**19.07.2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**